Врз основа на член 95, став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03 и 58/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.05.2007 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ОБВРСКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПРИОРИТЕТ ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА АРМИЈАТА, ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ, РЕПУБЛИЧКИТЕ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, УСТАНОВИ И СЛУЖБИ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА, ОД СТРАНА НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА, СООБРАЌАЈОТ, ВРСКИТЕ, КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ГРАДЕЖНИШТВОТО

Член 1

Со оваа уредба се определува обврската за давање приоритет за задоволување на потребите на Армијата, органите на државната власт, републичките сили за заштита и спасување, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за одбраната (во натамошниот текст: субјекти) во воена состојба, од страна на јавните претпријатија и трговските друштва од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото.

Член 2

Јавните претпријатија и трговските друштва од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото на барање на субјектите од член 1 на оваа уредба во воена состојба, имаат обврска да даваат приоритет за задоволување на потребите по следниот редослед и тоа на:

1. Армијата на Република Македонија,
2. Републичките сили за заштита и спасување,
3. Органите на државната власт,
4. Јавните установи и служби од областа на предучилишното, основното, средното и високото образование, науката и културата,
5. Јавните претпријатија и
6. Трговските друштва.

Член 3

Потребите од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото во воена состојба кои се составен дел на документите од планот за одбрана, се определуваат од страна на субјектите од член 1 на оваа уредба и истите, освен Армијата на Република Македонија ги доставуваат до Министерството за одбрана.

Член 4

Јавните претпријатија и трговските друштва од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото, потребните финансиски средства за давање приоритет за задоволување на потребите на субјектите од член 1 на оваа уредба во воена состојба, ги определуваат за секој субјект посебно, во зависност од искажаните потреби на субјектите и истите ги доставуваат до Министерството за одбрана.

Член 5

Доколку јавните претпријатија и трговски друштва од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото, од објективни причини не се во состојба да дадат приоритет на задоволување на потребите на субјектите од член 1 на оваа уредба, трајно или за определен временски период, за тоа благовремено го известуваат Министерството за одбрана.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3029/1
29 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.